# Првото јавување на *ИнФорма* ЕИС

**Мирко Спировски**, *mirkos@informa.mk*

За да се пријавите прв пат на *ИнФорма* ЕИС може да ве поттикнат пријателите кои редовно го користат овој систем, да прочитате во весниците за овој систем, или пак да почнувате со модемските комуникации и сакате да научите како да комуницирате.

За пријавување на ИнФорма потребен ви е сметач, модем, комуникациска програма и телефонскиот број (+389 91 117-866).

Вклучете ја комуникациската програма и подгответе ги: телефонскиот број на *ИнФорма*, брзината на комуникација (14.400 bps или помалку), стоп битот и паритетот на врската (8-1-N). Повеќето комуникациски програми имаат можност за снимање на промените од екранот (screen capture). Вклучете ја оваа можност за да можете подоцна внимателно да ги анализирате промените што настанале во тек на комуникацијата со *ИнФорма*.

Иако има повеќе телефонски линии, сепак, *ИнФорма* е зафатена во поголемиот дел од денот, поради тоа пригответе ја комуникациската програма автоматски да го бира бројот. Корисно е комуникациската програма да ви дава звучни сигнали во текот на комуникацијата за да го слушате зафатениот сигнал. Кога *ИнФорма* ќе му одговори на вашиот модем, ќе чуете висок и долг тон. Тоа значи дека двата модеми "се договараат" со која брзина ќе ги пренесуваат податоците. Кога ќе се договорат за брзината, звучниот сигнал престанува. Зависно од чистотата на телефонската линија, може да воспостават најголема можна брзина, или да ја симнат на пониско ниво. Брзо по воспоставувањето врска, на екранот се појавува најавниот екран на *ИнФорма* ЕИС.

## 1.Пријавување (логирање)

Кога првпат се јавувате на *ИнФорма* морате да дадете точни информации за себе за да може системот да направи идентификација и да ви овозможи добивање информации. Овој процес се наречува пријавување (или логирање од англиски logging on).

Пред да ги пополните податоците погледнете го најавниот екран на *ИнФорма* ЕИС. На него е внесено името на системот, телефонскиот број, бројот на линиите, брзините на комуникација, доменот за електронска пошта, телефонскиот број за говорна комуникација, покровителите и други податоци карактеристични за овој систем (слика 1).

Прво што треба да одговорите е на кој јазик ќе го користите *ИнФорма* ЕИС. Ви стојат на располагање повеќе можности. За да користите англиски јазик или македонски јазик на латиница нема потреба од дополнителни прилагодувања, но ако сакате да користите македонска кирилица мора да направите прилагодувања на вашиот компјутер (види подоцна: Употреба на македонска кирилица). Затоа при првото




*Слика 1:Најавниот екран на ИнФорма ЕИС.*

пријавување најдобро е да се пријавите на латиница, доколку ги немате направено соодветните прилагодувања, пријавете се на македонски јазик на латиница.

Следува прашањето за името, а потоа за презимето. Неопходно е да се внесат точното име и презиме, и тоа по тој редослед. Имињата и презимињата не смеат да се внесат на македонска кирилица, бидејќи системот нема да ги идентифицира точно. Фирмите можат да ги внесат имињата во првото поле (аки имаат само едно име или кусо име од повеќе зборови) или во првиот дел да го внесат името, а презиме во вториот дел. На пример:

*Име: Македонија Табак*

На екранот се испишува:




*Слика 2: Внесување јазик, име, презиме и лозинка.*

Доколку на *ИнФорма* ЕИС има корисник со исто име и презиме, тогаш ќе добиете порака дека веќе има таков корисник и ќе добиете совет да внесете име, иницијал на татково име и презиме (слика 3).

Лозинката треба да биде подолга од пет букви. Не е битно дали се пишуваат мали или големи букви, значајно е да се




*Слика 3: Доколку има регистрирано корисник со исто име и презиме ќе добиете порака за внесување иницијал на татково име.*

внесе лозинка што не може да се погоди. Не се внесуваат лозинки од сопственото име, името на брачниот другар, децата, родителите или други препознатливи имиња. Не треба да се користи истата лозинка за повеќе електронски информациски системи. Лозинката треба да се запише и да се чува на сигурно место.

Следува низа од прашања на кои треба точно да одговорите (слика 4). Најпрвин треба да одговорите на прашањата за местото на вработување, да ја внесете вашата точна адреса и местото на живеење. Следуваат прашањата за вашиот домашен телефонски број, телефонскиот број на модемот од каде се јавувате, датата на раѓање и местото од каде се јавувате.

Многу е битно при внесувањето на овие податоци прецизно да го внесете вашиот домашен телефонски број и датата на раѓање, бидејќи системот повремено ќе ве прашува за нив - тие се дел од сигурносниот систем на *ИнФорма* ЕИС.

По внесувањето на полот, внесете дополнителна лозинка за препознавање. На крајот од логирањето системот ви ги дава на увид податоците што сте ги внеле, со прашање дали се тие точни или не. Доколку се точни, притиснете опција 16 и вие сте регистриран како нов корисник. Доколку некој од податоците не е точен, отчукајте го бројот на неточниот податок, исправете го и внесете ја опцијата 16 дека сите податоци се точни (Слика 4).

## 2. Политика на *ИнФорма* ЕИС

По внесувањето на сите податоци, ви се појавува екран со добредојде. На истиот екран е внесена општата политика на *ИнФорма* ЕИС, додека Статутот и правилата се дадеди во Билтенот број 1. Доколку не се согласувате со општата политика на ЕИС, оставете порака да ве избришат од овој систем (Слика 5).

## 3. Потврдување на корисникот

Поголемиот број ЕИС не ви дозволува целосно користење без да ги потврди податоците од новиот корисник. Ние телефонираме на корисничкиот број и по кус разговор корисникот го потврдуваме и регистрираме како редовен член. Со ова се избегнува пријавувањето исто лице со повеќе имиња и користење на системот повеќе пати во еден ден.

## 4. Давање подароци - покровителства

Функционирањето на *ИнФорма* не зависи од подароци и од покровителства, туку од потребата на нејзините корисници меѓусебно да комуницираат, да се потпомагаат, да се издигаат и да ја шират информатичката култура во државата. Сепак, треба да се знае дека создавањето и одржувањето




*Слика 4: Внесување основни податоци за корисникот на ИнФорма ЕИС при првото јавување. На крајот, системот ќе ви даде можност да промените некој од податоците. Ако се тие точни, изберете опција 16. Ако некој од нив не е точен, притиснете го бројот и исправете го податокот, а потоа притиснете 16.*

електронски информациски системи е скапо и непродуктивно, со голема количина вложен труд на системските оператори, модераторите и најактивните корисници.

Поради тоа, многу е корисно да се даваат подароци, најчесто во облик на покровителство на системот. Тие подароци тре-




*Слика 5: Порака од ИнФорма ЕИС за добредојде на новиот корисник и за општата политика на овој систем.*

ба да бидат делови за функционирањето на системот (брзи модеми, дискови со голем капацитет, CD-ROM-ови, мрежни картички, комуникациски и мрежен софтвер, и слично).

Најголем дел од опремата и софтверот на *ИнФорма* ЕИС е обезбедена со покровителство на: Lancom-Computers, Gord Systems, Семос информатика, Инсиснут отворено општество Македонија, Хермес-техна и други.

Како систем што деноноќно интензивно работи, многу е погоден за тестирање на опрема која се користи во комуникациите. Ако таа опрема се инсталира на овој систем и успешно работи, тогаш за нејзиниот квалитет нема поголема препорака (реклама) од инсталирањето на *ИнФорма* ЕИС.

Покровителствата се секогаш добредојдени и го подигнуваат корисничкото ниво на системот.

## 5. Претплата

Корисниците на *ИнФорма* ЕИС се поделени во три основни категории: нов корисник, редовен член и претплатен. Новиот корисник и членот не плаќаат претплата и можат да користат само дел од можностите на овој систем. Со претплата се добива можност за целосно користење на програмите складирани во сите именици на CD-ROM-овите и можност за користење на електронска пошта. Користењето електронска пошта дополнително се наплатува според обемот на извршена размена.

Со пуштањето на повеќе телефонски линии и на воведувањето приод кон Интернет, на *ИнФорма* BBS ќе мора да плаќаат претплата и редовните корисници. Користењето Интернет сервиси ќе се наплатува одделно од редовната претплата.

Претплатата на овој систем е неопходна за да се покријат трошоците за одржување на системот (телефон, софтвер, хардвер, CD-ROM-ови, за простор, каде што е сместен BBS-от, одржување ...). Претплатата сè уште не е извор на доход и уште долго ќе претставува само сигурност за корисниците дека овој систем ќе постои додека постои нивниот интерес да се јавуваат на *ИнФорма* ЕИС.

## 6. Ако имате проблеми

**Ако е системот зафатен**: линиите на *ИнФорма* ЕИС се најчесто зафатени и затоа внесете автоматско бирање во вашата комуникациска програма. Просечно за слободна линија се чека по 10 до 20 минути, а во најфрекфентниот период и подолго. Меѓу 4 и 5 часот наутро системот прави резервни копии на податоците и затоа во тој период не може да се добие. Backup-от се прави тогаш поради тоа што најретко се јавуваат корисниците рано наутро.

**Ако не се поврзувате со системот**: внимателно слушајте го модемот и доколку ви се јавува зафатена линија, врската е во ред. Доколку добивате слободен сигнал, а не може да дојде до поврзување со системот, тогаш нешто не е во ред со системот. Во тој случај, јавете се усно на телефонскиот број на *ИнФорма* ЕИС која служи за поддршка на овој систем (неговиот број секогаш се наоѓа во насловниот екран +389-91-222-253).

**Ако имате на екранот неразбирливи знаци**: најчеста причина за појавата на нерзбирливи знаци на екранот (таканаречено "ѓубре") е користењето модем без корекција на грешки. Во таков случај, наместете ја опцијата за користење на корекцијата. Ако вашиот модем нема можност за корекција на грешки, тогаш користете комуникациска програма во која има софтверска корекција на грешки (таква е програмата Одисеј и слична на неа).

Втората причина за неразбирливи знаци е користењето кирилица на *ИнФорма* ЕИС. Нејзиното читање и пишување се изведува со прилагодување вашиот компјутер за користење на кирилица. Доколку тоа не сте го направиле, тогаш не можете ниту да читате ниту да пишувате на кирилица. Во тој случај НЕ ја одбирајте опцијата 2 од главниот екран.

**Ако системот работи и одеднаш ...**: доколку системот работи и на сред работа престане, тогаш се можни повеќе причини. Најчесто настанува прекин во комуникцијата со системот, понекогаш системот "паѓа" (привремено прекинува со работа), многу ретко "заглавува" (престанува да функционира, но не се прекинува неговата работа), најретко настанува прекин во мрежата на системот.

Во вакви случаи, решение е прекин на комуникацијата и повторно логирање. Но, доколку системот е "заглавен" и вашето име се наоѓа во системот, тогаш не ви дозволува повторно логирање под истото име. Во таков случај, или јавете се усно на телефонскиот број за поддршка или пријавете се под ново име и оставете порака за проблемот на кој сте наишле.

## 7. Главниот екран

На главниот екран ви се дадени можности за оставање порака за системскиот оператор (СисОп), можност да го повикате системскиот оператор, да ги прочитате новостите, да ги прочитате билтените, да ги наместите опциите, да побарате помош и да го земете пакетот informa.zip.

### 7.1. Остави порака до СисОп

Со притискање на опцијата С од главниот екран, може да оставите коментар или порака до системскиот оператор. На крајот на порака, притиснете Esc и потоа опцијата **S(ave)** и пораката е складирана во системот. Системскиот оператор ќе ви одговори во најкус можен рок.

### 7.2. Повикај СисОп

Ако сакате да разговарате со системскиот оператор додека сте на линија, притиснете ја опцијата **О** на главниот екран, а по појавата на повеќето можни опции, одберете повторно **О** за да разговарате со него.

Доколку е системскиот оператор покрај компјутерите на *ИнФорма* ЕИС, тој ќе ве вклучи во разговор. Кога сте вклучени во разговор со системскиот оператор, не можете да го прекинете разговорот (освен ако насилно ја прекинете врската), туку само системскиот оператор може да ја прекине врската. Доколку тој не е присутен или не е во можност да ви одговори, системот ќе ве извести и ќе ви понуди да му оставите порака.

### 7.3. Билтени

Најголемиот број информации се наоѓа во билтените, поради

што тие треба внимателно да се прочитаат. Најдобро е сите тие да се "симнат" и подоцна еден по еден да се анализираат.

Списокот на билтените на ИнФорма ЕИС е следниов:

1. Статут и правила на *ИнФорма* ЕИС
2. Кориснички нивоа и лимити
3. *ИнФорма* ЕИС стандард за транслитерација
4. Ценовник на услугите на *ИнФорма* ЕИС
5. Распоред на CD-ROM-овите
6. Конференции на *ИнФорма* ЕИС
7. Модератори на конференциите
8. Статистика за корисникот и *ИнФорма* ЕИС
9. Топ 10 на корисници на *ИнФорма* ЕИС
10. Правила за модераторите на *ИнФорма* ЕИС
11. Сервиси за модемски комуникации во Македонија
12. *ИнФорма* ЕИС етички кодекс за информатичари
13. Ценовник за услугите на e-mail
14. Упатство за користење Интернет e-mail
15. Список на вчерашни јавувачи на *ИнФорма* ЕИС
16. Промет на Интернет e-mail во wcGATE
17. Промет на Интернет e-mail во wcMAIL
18. Список на датотеки закачени за пораки (attach)
19. Список на нови корисници на *ИнФорма* ЕИС
20. Список на корисници со денешен роденден
21. Список на денешни јавувачи
22. Список на датотеки на *ИнФорма* ЕИС
23. Англиски речник на ЕИС поими

## 7.4. Новости

Доколку сакате да ги видите новостите на системот, притиснете ја опцијата **N** и ќе ги добиете сите новости што се внесени во најново време на системот.

## 7.5. Местење лични податоци

Со опцијата **V** од главниот екран можете да ги наместите вашите опции на овој систем. Во него можете да ги внесете (или поправите) своите податоци за типот на компјутерот, телефонскиот број, приспособување на екранските наредби, ниво на помош, јазикот што сакате да го користите и многу други наредби (Слика 7).

## 7.6. Помош

Со притискање на опцијата ? добивате објаснување на наредбите што се користат во овој систем. На почетокот се објаснети сите опции што се користат, а во продолжение се дадени детални информации за нив.

## 7.7. Земање informa.zip

Земањето на оваа компримирана датотека ви овозможува да ги добиете најбитните информации за користењето на *ИнФорма* ЕИС. Во неа можете да најдете упатство за користење на овој систем, упатство за користење на меѓулиниски разговор (chat), кирилични драјвери, упатство за користење кирилица на овој систем, како и други податоци. Многу е корисно оваа датотека да се "симне" и внимателно да се проучи. Најмногу од прашањата што воопшто бо ги поставиле, веќе има одговор во овие датотеки, посебно во упатството.

## 8.Одјавување (одлогирање)

По разгледувањето на *ИнФорма* ЕИС прекинете со комуникацијата со одјавување (одлогирање = log off). Одјавувањето се постигнува со знакот извичник (!) од главниот екран и притискање Ентер. Системот ве прашува:

Дали навистина сакаш да се одјавиш (Yes/No)? Y

Доколку сакаме да се одлогираме, притискаме **Y** и по неколку секунди системот ја прекинува комуникацијата.

## Македонците на Интернет

### Електронска пошта

Со спорото, но сигурно воведување на целосен пристап на Интернет во Македонија, се отвораат нови врати за Македонците во cyberspace-от. Една од тие врати е и електронско-поштенската листа *Македон*, на која Македонците раштркани од Австралија до Америка се среќаваат и разменуваат мислења и информации.

Пред да навлезам во подетален опис на *Македон*, да објаснам малку подетално како работи електронско поштенската листа (mailing list). Откако ќе најдете некој систем оператор (sysop), кој ќе биде доволно љубезен и заинтересиран да ви овозможи пристап до програмот кој раководи со листите (најчесто е тоа LISTSERV, но се среќаваат и LISTPROC и MAJORDOMO, да ги споменам попознатите), ја креирате вашата листа и ја модифицирате по ваша желба (во техничките детали нема да навлегувам) и готови сте за работа.

Така започна со работа и *Македон*, чедо на Саша Конечни од Холандија и Сашо Шопов од Австралија. Во овој момент има околу 200 претплатници на *Македон*, вклучувајќи ја и ***Информа ЕИС***. Листата е модерирана, бидејќи добивавме секакви пораки од делокругот (domain) .gr. Поподробно образложение за ова сметам дека не е потребно. Модератор на Македон сум јас лично, и оваа работа ја обавувам од декември 1994, кога *Македон* и стана модерирана листа.

Разговараме на македонски и на англиски јазик, но нагласокот е на македонски. Теми на разговор се најчесто политичката и економската состојба во Мк, или вестите од Македонија кои стигнуваат секојдневно преку сестринската листа MAKNWS-L.

Претплаќањето на Македон е едноставно (нека не ве плаши зборот претплаќање, бесплатно е): 1. Пратете порака до LISTSERV@UBVM.CC.BUFFALO.EDU 2. Со текст: SUBSCRIBE MAKEDON VashataE-mailAdresa Ime Prezime

Потоа следете ги инструкциите на листсерверот. За да се претплатите на MAKNWS-L во чекор два ставете наместо Makedon, maknws-l.

### USENET

Пораките на *Македон* се копирани и на Usenet преку bit.listserv.makedon групата. А ако имате време и нерви да се расправате со Грци до бесконечност, проверете што се случува на alt.news.macedonia групата. Само да ве предупредам дека на alt групите 'anything goes'.

### WWW

Домашната страница (Home Page) за Македонија на WWW под наслов **Виртуелна Македонија** (Virtual Macedonia) која се наоѓа на http://www.rit.edu/~bvs4997/Macedonia содржи мултимедија информации за многу области на животот во Македонија. За "полн" впечаток, видете ја страната со Netscape 1.1 кога пристапувате. Сите коментари и додатоци се добредојдени, и ве молам испратете ги на мојата адреса.

Се надевам дека ќе се приклучите во дискусиите на Македон и ќе ја видите и придонесете на домашната страница на Македонија, што ќе овозможи подобра размена на информации меѓу нас Македонците раштркани низ целиот свет. Со овие напори се надевам дека ќе го направиме делокругот .mk општо познат на корисниците на Интернет.

До следната средба во ова списание или некаде во cyberspace-от.

Борис Шопоски, bvs4997@ritvax.isc.rit.edu bvs4997@cs.rit.edu